Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 135-0306
13.08. 2026 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 07.08.2026 година, врз основа на примена жалба од XXXXXXX XXXXXX ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во објавата на интернет порталот-онлајн медиум Призма.мк (prizma.mk) на нивниот Фејсбук профил, на текстот со наслов „Пристап до информации: Нема потпис, нема жалба" од 28.07.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителката XXXXXXXXXXX на 28.07.2026 г., упати жалба за онлајн медиумот Призма.мк поради објавата на текстот со наслов „Пристап до информации: Нема потпис, нема жалба“ од 28.07.2026 г., при што се жали на неточно и нефер известување, мешање на факти и мислење, вест и коментар, незастапена втора страна и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Станува збор за текст првично објавен на 21.07.2026 г. на веб страната на Призма, а потоа ре-објавен и на други платформи на овој давател на медиумски услуги, при што и на нивниот профил на Фејсбук на 28.07.2026 г.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Порталот Призма се чини дека тенденциозно пласира една иста НЕПРОВЕРЕНА информација со цел да го наруши угледот на институцијата. Информацијата им е очигледно непроверена бидејќи Агенцијата прифаќа жалби без електронски потпис (проверете и вие), оттука пласираат лажни информации, па сметам дека е чесно да реагирам како граѓанин. Истата информација ја објавуваат скоро секој ден што укажува на тенденциозност.“

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со онлајн медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети давателот на медиумска услуга и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата

за жалби. На онлајн медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор од авторот на текстот на Призма, онлајн медиум на издавачот БИРН, во кој се отфрлаат наводите од жалбата и, меѓу другото, се наведува:

„…Базичниот документ врз основа на кој БИРН ги темели наодите во текстот е решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер до БИРН од 08.07.2026 г., со кое се отфрла жалбата на БИРН како неуредна, поради тоа што жалбата не е заведена со електронски потпис“...

Освен ова, „БИРН ги отфрла како целосно неточни и наодите за незастапена втора страна... БИРН испрати меил со прашања до Агенцијата... на 10.07.2026 г. Добиените одговори од Агенцијата се цитати од Законот за општа управна постапка и тие се парафразирани во текстот“...Освен ова, со цел да се проверат информациите во целост, БИРН во два наврати остварил и телефонска комуникација со директорот на Агенцијата, се наведува во дел од одговорот на Васко Маглешов, автор на текстот што е предмет на жалбата.

Дополнително, Агенцијата две недели по објавениот текст ниту побарал исправка, ниту упатила демант за наводите во текстот, се наведува уште во одговорот потпишан од авторот на текстот.

Во одговорот до СЕММ беа доставени и бројни дополнителни прилози, скриншотови од електронски преписки и други документи, како потврда за тоа што го тврди Маглешов во име на БИРН – Призма.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во објавата на интернет порталот-онлајн медиум Призма.мк (prizma.mk) на нивниот Фејсбук профил, на текстот со наслов „Пристап до информации: Нема потпис, нема жалба“ од 28.07.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за објава на текст – анализа за последиците од незаконско воведување административни пречки за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на соодветната агенција за заштита на таквите права на граѓаните – несомнено, тема од висок јавен интерес.

Комисијата ја оценуваше објавата на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека не постои прекршување.

Комисијата, најпрво, утврди дека жалителката не го поткрепила своето тврдење дека медиумот дезинформирал за работата на Агенцијата, и дека не било точно оти во пракса се барало жалбите да бидат поднесени со електронски потпис од барателите за заштита на нивното право.

Во конкретниот случај е постапено според сите правила што ги наметнуваат одредбите од Кодексот, т.е. авторот своето тврдење го засновал на бројни докази, меѓу другото, и потпирајќи се на тоа што неговиот медиум два пати се обратил до Агенцијата со жалба поради ускратено право на слободен пристап до информации од јавен карактер, при што од Агенцијата им бил побаран електронски потпис како услов за да се разгледува жалбата.

Покрај тоа, во анализата за штетните последици од новата пракса на работа на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, медиумот се повикал и на искуство на други субјекти од кои е побарана изјава и коментар во таа насока. Што значи, при обработката на темата се користени повеќе извори. Соговорниците на медиумот ја потврдуваат и осудуваат незаконската административна пречка - барање на електронски потпис - што им се наметнува на граѓаните и на другите баратели за заштита на нивното право за поседување на информации од јавен карактер.

Конечно, испочитувано е и основното правило за проверка на тврдењето преку т.н. „втора страна“, односно медиумот упатил прашање до самата Агенција, чија работа се анализира во текстот и од таму е добиена потврда дека се бара електронски потпис по насоки на Државниот управен инспекторат, иако Инспекторатот на Призма ѝ одговорил дека не дал такви насоки во писмена форма. И сето тоа е објавено во текстот.

**Комисијата оцени дека нема основа да се тврди дека медиумот тендециозно сакал да** го наруши угледот на Агенцијата со тоа што наводните невистини се објавувале повеќе пати преку социјалните мрежи. Всушност, медиумот освен што постапил етички и професионално во однос на темата, со повеќекратното пласирање на текстот ја подига јавната свест за ова исклучително важно прашање. На тој начин медиумот ја исполнува својата критичка улога, предупредувајќи дека јавен орган воспоставува практика што ги ограничува законски загарантираните права на граѓаните и новинарите.

Имено, Комисијата е свесна дека воведувањето дополнителен процесен услов кој не е предвиден со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер – задолжително потпишување на жалбата со квалификуван електронски потпис – претставува неоправдано ограничување на правото на ефективен пристап до информации од јавен карактер. Со тоа Агенцијата, наместо да ја олеснува и заштитува реализацијата на ова право, воведува административна пречка што

може да ги одврати граѓаните и новинарите од користење на механизмот за правна заштита.

Поради горе наведените аргументи Комисијата заклучи дека жалбата е неоснована и дека со објавата на текстот, медиумот не сторил прекршување на ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири и Димитар Мицев, додека Тамара Чаусидис поради деклариран судир на интереси се воздржа и од расправата и од гласањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

| | |
|---|---|
| **Совет за етика во медиумите**<br>**на Македонија** | Претседателка на Комисијата за жалби<br>Тамара Чаусидис |

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595